ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА
ИЗГРАДБА НА ТС 110/20kV “ФЕЦ НОВАЦИ 2” - АРМАТУШ



<u>Изработувач на проектот:</u>

Тимелпроект ДООЕЛ

Zhivko Bogdanovski

Digitally signed by Zhivko Bogdanovski
DN: c=MK, serialNumber=171795, sn=Bogdanovski, givenName=Zhivko, cn=Zhivko Bogdanovski
Date: 2023.05.09 08:10:51 +02'00'

Тех.бр.: ЕП-05/23-ИП

Примерок: 1

Jana Brsakoska

Digitally signed by Jana Brsakoska
DN: c=MK, serialNumber=165994, sn=Brsakoska, givenName=Jana, cn=Jana Brsakoska
Date: 2023.05.08 14:49:12 +02'00'

Rubin Atanasoski

Digitally signed by Rubin Atanasoski
DN: c=MK, ou=VAT - 4030998337578, 2.5.4.97=NTRMK-5211263, o=TIMELPROEKT DOOEL SKOPJE, serialNumber=169861, title=Upravitel, sn=Atanasoski, givenName=Rubin, cn=Rubin Atanasoski
Date: 2023.05.09 08:12:24 +02'00'

Април, 2023 год.

ИДЕЕН ПРОЕКТ ЗА
ИЗГРАДБА НА ТС 110/20kV “ФЕЦ НОВАЦИ 2” - АРМАТУШ

Технички број: ЕП-05/23-ИП

ИЗРАБОТУВАЧ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ДИРЕКТОР

М-р Рубин Атанасоски дипл.ел.инж.

Скопје, април, 2023

A:Општ дел

А1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

Проект:	**Изградба на ТС 110/20kV “ФЕЦ Новаци 2” - Арматуш**
Инвеститор:	**ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Назив на градба:	**ТС 110/20kV “ФЕЦ Новаци 2” - Арматуш**
Адреса на градба:	**с.Арматуш**
Категорија на градба:	**Прва категорија**
Фаза на проектот:	**ИДЕЕН ПРОЕКТ**
Технички број:	**ЕП-05/23-ИП**

Проектант:

ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ
Мишко Михајловски бр.52
1000 Скопје
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ

А. ОПШТ ДЕЛ 3

А1. Основни податоци 4

1. Идентификациони податоци 5
2. Содржина на Проектот 6
3. Доказ за регистрација на правното лице во Централниот регистар .. 7
4. Лиценца за проектирање 9
5. Список на учесници во изработката на проектот 11
6. Решение за назначување на Проектанти и соработници 13
7. Решение за назначување на Главен проектант одговорен за усогласеност на проектот 14
8. Изјава на Проектантот за примена на прописите 15
9. Изјава на Главниот проектант за усогласеност на проектот по фази 16
10. Овластувања на проектантите 17

А2. Програмски дел (Проектна програма) 20

Б. ПРОЕКТЕН ДЕЛ **21**

Б1. Архитектонски проект “А”

- Содржина
- Текстуален дел
- Графички дел

Б2. Електротехнички проект “Е”

- Содржина
- Текстуален дел
- Графички дел

4. ДОКАЗ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА лица

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150020230087366
Датум и време: 1.4.2023 г. 05:00:21

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 01.04.2023 во 05:00:30
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5211263
Назив:	Друштво за проектирање производство и инженеринг ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје
Седиште:	МИШКО МИХАЈЛОВСКИ бр.52 СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА, КИСЕЛА ВОДА

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	28.11 - Производство на мотори и турбини, освен мотори за авиони и моторни возила
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0809-50/150020230087366

Страна 1 од 1

5. ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18,и „Службен весник на Република Северна Македонија'' 244/19, 18/20 , 279/20 и 227/22), Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД
ПРВА КАТЕГОРИЈА
на

Друштво за проектирање производство и инженеринг
ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје
(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

МИШКО МИХАЈЛОВСКИ бр.52 СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА ,КИСЕЛА ВОДА

ЕМБС: 5211263

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО 25.02.2030 година

Број П.014/А
25.02.2023 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Благој Бочварски

6. СПИСОК НА УЧЕСНИЦИ ВО ИЗРАБОТКАТА НА ПРОЕКТОТ

Главен проектант:
(Одговорен за усгласеност на проектот)

Живко Богдановски дипл.ел.инж.
(овластување бр.4.0218)

ЖИВКО БОГДАНОВСКИ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0218
А.4.

Проектант
Архитектонски проект "А" :

Јана Брсакоска маг.инж.арх.
(овластување бр.1.2120)

м-р ЈАНА БРСАКОСКА
дипл.инж.арх.
АРХИТЕКТУРА
ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2120
А.1.

Живко Богдановски дипл.ел.инж.
(овластување бр.4.0218)

Проектант
Електротехички проект "Е" :

ЖИВКО БОГДАНОВСКИ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0218
А.4.

7. *Врз основа на Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/20 и 277/22), го издавам следното:*

Р Е Ш Е Н И Е

за назначување на Проектанти

ОБЈЕКТ: ТС 110/20kV "ФЕЦ НОВАЦИ 2" - АРМАТУШ

ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ТС 110/20kV "ФЕЦ НОВАЦИ 2 " – АРМАТУШ

ФАЗА: ИДЕЕН ПРОЕКТ

1. За Проектант на Архитектонскиот проект "А" го одредувам:
   Јана Брсакоска маг.инж.арх. (овластување бр.1.2120)
2. Проектант соработник на Архитектонскиот проект "А":
   Благој Даскалов маг.инж.арх. (овластување бр.1.1975)

3. За Проектант на Електотехничкиот проект "Е" го одредувам:
   Богдановски Живко дипл.ел.инж. (овластување бр.4.0218)

Именуваниот ги исполнуваат условите за изработка на проектна документација и мора да се придржува кон одредбите од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/20 и 277/22).

Скопје, април 2023 год.

ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ДИРЕКТОР

М-р Рубин Атанасоски дипл.ел.инж.

8. *Врз основа на Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/20 и 277/22), го издавам следното:*

Р Е Ш Е Н И Е

за назначување на Главен проектант одговорен за усогласеност на проектот

ОБЈЕКТ: ТС 110/20kV "ФЕЦ НОВАЦИ 2" - АРМАТУШ

ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ТС 110/20kV "ФЕЦ НОВАЦИ 2" – АРМАТУШ

ФАЗА: ИДЕЕН ПРОЕКТ

1. За главен проектант одговорен за усогласеност на проектот го одредувам: Богдановски Живко дипл.ел.инж. (овластување бр.4.0218)

Именуваните ги исполнуваат условите за изработка на проектна документација и мора да се придржува кон одредбите од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/20 и 277/22).

Скопје, април 2023 год.

ТИМЕЛПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ

ДИРЕКТОР

М-р Рубин Атанасоски дипл.ел.инж.

9. И З Ј А В А

на Проектанти за примена на прописите

Со ова изјавуваме дека проектната документација :

ОБЈЕКТ: ТС 110/20kV “ФЕЦ НОВАЦИ 2“ - АРМАТУШ

ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ТС 110/20kV “ФЕЦ НОВАЦИ 2“ – АРМАТУШ

ФАЗА: ИДЕЕН ПРОЕКТ

е изработена во согласност со Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/20 и 277/22), и *Проектната програма за изработка на проектна документацијa, запазувајќи ги сите техничките прописи, стандарди и нормативи, важечки во Република Македонија.*

Скопје, април 2023 год.

Проектант:

Јана Брсакоска маг.инж.арх.
(овластување бр.1.2120)

Живко Богдановски дипл.ел.инж.

А.1. м-р ЈАНА БРСАКОСКА дипл.инж.арх. АРХИТЕКТУРА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 2120

А.4. ЖИВКО БОГДАНОВСКИ дипл.ел.инж. ЕЛЕКТРОТЕХНИКА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0218

10. И З Ј А В А

на Главниот проектант за усогласеност на проектот по фази

Со ова изјавувам дека проектната документација :

ОБЈЕКТ: ТС 110/20kV "ФЕЦ НОВАЦИ 2" - АРМАТУШ

ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ТС 110/20kV "ФЕЦ НОВАЦИ 2" – АРМАТУШ

ФАЗА: ИДЕЕН ПРОЕКТ

е изработена во согласност со Законот за градење Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20, 279/20 и 277/22) и Проектната програма за изработка на проектна документација, запазувајќи ги сите техничките прописи, стандарди и нормативи, важечки во Република Македонија, и сите делови се меѓусебе усогласени.

Главен проектант:
(Одговорен за усгласеност на проектот)

Живко Богдановски дипл.ел.инж.
(овластување бр.4.0218)

ЖИВКО БОГДАНОВСКИ
дипл.ел.инж.
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ 0218
А.4.

Скопје, април 2023 год.

9. ОВЛАСТУВАЊА НА ПРОЕКТАНТИТЕ

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
од
ЕЛЕКТРОТЕХНИКА
на

ЖИВКО БОГДАНОВСКИ

дипломиран инженер по електротехника

Овластувањето е со важност до: 09.03.2024 год.

Број: 4.0218

Издадено на: 10.03.2019 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија“ бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
од
АРХИТЕКТУРА
на

ЈАНА БРСАКОСКА

магистер инженер архитект (NQF 304 ECTS)

со подмирување на членарината за секоја тековна година
овластувањето важи до 24.09.2025 год.

Број: 1.2120

Издадено на: 25.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

А2. Програмски дел – Проектна програма

Проектна програма

за изработка на Основен проект за ТС 110/20 kV ФЕЦ Новаци 2, с.Арматуш

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.1. Инвеститор:

Интеренерго Македонија дооел, Скопје
Ул.Максим Горки бр.13, 1000 Скопје

1.2. Име на објектот:

ТС 110/20 kV "ФЕЦ Новаци 2", с.Арматуш

1.3. Обем на проектирање:

Изработка на Основен проект

Проектот да се состои од следните делови (книги):

Книга 1 -Архитектонски проект
Книга 2 -Градежно-конструктивен проект
Книга 3 - Електротехниучки проект
Книга 4 – Водовод и Канализација
Книга 5 – Елаборат за заштита при работа
Книга 6 – Елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи
Книга 7 - Елаборат за извршени геомеханички теренски истражни работи и лабораториски испитувања на локацијата на трафостаницата

1.4. Технички прописи

Предметната документација да биде изработена според важечките технички стандарди, прописи и препораки на РМ за ваков вид документација, како и IEC стандарди. Проектантот како основа за изработка на проектот треба во целост да ги следи и барањата од страна на МЕПСО наведени во студијата за приклучок на ФЕЦ Новаци 2 на преносната мрежа.

1.5. Намена на ТС:

ТС 110/20 kV "ФЕЦ Новаци 2", с. Арматуш е дел од проектот за изградба нова Фотоволтаична електрана, односно преставува место за приклучок на електраната на преносната мрежа на АД МЕПСО, преку новоизграден далекувод.

2.ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

2.1. 110kV постројка:

- Номинален напон: 110 kV
- Највисок погонски напон: 123 kV
- Номинална фреквенција: 50Hz
- Краткотрајна подносива струја на куса врска 1s: 40kA
- Трифазен систем со директно заземјена неутрална точка
- Координација на изолацијата според IEC 60071-1 и IEC 60071-2

2.2. 20kV постројка:

- Номинален напон: 20 kV
- Највисок погонски напон: 24 kV
- Номинална фреквенција: 50Hz
- Краткотрајна подносива струја на куса врска 1s: 20kA
- Трифазен систем изолиран
- Координација на изолацијата според IEC 60071-1 и IEC 60071-2

2.3. Трансформација	Еден трофазен двонамотајни енергетски тарнсформатор 110/20kV; 31,5MVA ONAN/ONAF; со можност за регулација на напон под товар. Еден трифазен херметички затворен маслен трансформатор за домашни потреби 20/0,4kV; 160kVA
2.4. Напони за сопствено напојување:	220VDC и 400/230V AC.
2.5. Димензионирање:	Пресметките да се извршат врз основа на податоците од студијата за развој и конфигурација на високонапонската преносна енергетска мрежа на РМ заклучно со референтна 2040 година.

3. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ – Електротехнички проект

3.1. Општо

Овој документ ги дава основните информации за трафостаницата за PV проектите Арматуш (PV Premium, PV Sol 1 и PV Sol 2). Сите вредности се препораки според сегашните сознанија (на пр. капацитети на батеријата, димензии, пресеци на кабел, капацитет на помошен трансформатор, одводници на пренапони итн.). Проектантот ќе ги верификува предлозите и правилно ќе ја проектира трафостаницата според меѓународните стандарди, норми и барања што важат во Северна Македонија, особено според барањата на операторот на преносната мрежа МЕПСО. Основниот дизајн треба да дава флексибилност за следните проекти.

3.1 110kV постројка

Постројката треба да биде во воздух изолирана, изведена со класична опрема за надворешна монтажа, поставена на поцинкувани носачи. Постројката треба да се предвиди со едно доводно/трансформаторско поле со воздушен приклучок. Сите врски во трансформаторското поле да бидат оставрени со флексибилни проводници т.е. со јаже AAC 300mm^2 и соодветна спојна опрема. Спојниот материјал да биде од алуминиум и произведен од еминентен производител.

3.1.1. Состав и број на полињата:

- едно трансформаторско поле со воздушен приклучок комплетно опремено со:
- 1 сет SF6 прекинувач (триполно управуван)
- 1 линиски раставувач со заземјувач (во паралела)
- 1 раставувач (во паралела)
- 3 напонски мерни трансформатри
- 3 струјни мерни трансформатори
- 3 МО одводници на пренапони (фазни) за ДВ приклучокот
- 3 МО одводници на пренапони (фазни) за ЕТР

3.1.2. Опременост на 110kV трансформаторското поле :

ПРЕКИНУВАЧ 123 kV ЗА ТРАНСФОРМАТОРСКИ ПОЛИЊА

Прекинувачот да биде трифазен, триполно управуван, од типот live-tank, за надворешна монтажа, со гас SF6 како медиум за гаснење на лакот, со можност за прекинување на мали капацитивни и индуктивни струи. Прекинувачо да е со моторно-опружен или моторен погон. Напон на моторот 220 V DC. Напон за управување и сигнализација 220 V DC. Да се предвидат два калеми за исклучување и еден калем за вклучување, со независни струјни кругови. Прекинувачите да се димензионираат според номиналната струја и според струјата на куса врска. Прекинувачите треба да бидат способни да ги издржат и прекинуваат сите струи од нула до целосната номинална симетрична и асиметрична струја на куса врска при највисок номинален напон и да ги извршуваат сите должности како што е наведено во релевантните публикации на IEC.

РАСТАВУВАЧИ

Класични „Centre-brake" тип, за надворешна монтажа. Погонот на раставувачите треба да биде со мотор 230AC V / 220DC V, а за заземјувачите рачен. Електричното управување да биде двополно со 220 V DC. Електричните блокади да се предвидат со жичани врски а воедно и со софтверски блокади (BCU). Покрај електричните/софтверските блокади на главните ножеви на линискиот раставувач во однос на ножевите за заземјување, мора да постои и механичка блокада.

МЕРНИ ТРАНСФОРМАТОРИ ВО ТРАНСФОРМАТОРСКО ПОЛЕ

Мерните трансформатори да бидат предвидени за надворешна монтажа на соодветни челични носачи.

Напонските мерни трансформатори треба да бидат еднополни, маслени за надворешна монтажа со преносен однос согласно потребите на инсталираната опрема. Следниве мерни можности треба да бидат возможни со соодветна точност:

- Мерења на енергија согласно барањата на МЕПСО
- Мерења за далечинска контрола преку BCU/SCADA систем
- Мерења за Park Control-а преку Plant Controller и контрола за оптоварување на трансформаторот
- Мерења за потребите на електрична заштита

На пример (110000 /√3 / 100/ √3 / 100/ √3 /100/ √3 V /100/ √3 V), да имаат четири секундарни намотки од кои првата со класа на точност 0,2 за мерење енергија, втората и третата намотка со класа на точност 0,5 за погонско мерење и четвртата намотка за заштита со класа 1/3P. Моќностите на намотките ги дефинира проектантот согласно пресметките.

Струјните мерни трансформатори треба да бидат еднополни, маслени, херметички затворени за надворешна монтажа, со преносен однос 150/1/1/1/1/1A, да имаат пет секундарни јадра, од кои првото со класа на точност од 0,2 за мерење енергија, второто и третото јадро со класа на точност 0,5 за погонско мерење, и четврвтото и петото јадро за заштита со класа 5P30. Моќностите на јадрата ги дефинира проектантот согласно пресметките.

МО ОДВОДНИЦИ

Метал оксидни одводници на пренапон за надворешна монтажа за нормално загадена средина во полимерно куќиште со бројач на празнења. Номинален работен напон 96kV и номнална струја на празнење 10kA, останатите податоци согласно пресметките.

3.2. Трансформација

3.2.1 Енергетски трансформатори:

Еден трофазен двонамотаен енергетски тарнсформатор 110/20kV; 31,5 MVA, ONAN/ONAF ладење, со можност за регулација на напон под товар. Со интегрирана трансформаторска заштита (Температура на намотки – опомена и исклучување, Температура на масло - опомена и исклучување, Бухолц реле - опомена и исклучување, Висок притисок – исклучување, Бухолц реле на регулациона склопка – исклучување, Ниво на масло ЕТ – аларм, Ниво на масло на РС – аларм,) и да е поставен врз уљна јама на шини согласно локалните прописи и регулативи.

3.2.2 Трансформатори за домашни потреби:

Еден трифазен херметички затворен маслен трансформатор за домашни потреби 20/0,4kV; 160kVA, сместен во посебна просторија во командната зграда.

3.3. 20kV постројка

За поврзување на ФЕЦ Новаци 2 со енергетскиот систем, да се предвиди среднонапонска 20kV постројка, која ќе биде монтирана во просторија со кабловки простор сместена во командната зграда (погонски дел).

Целокупната опрема треба да биде сместена во слободно стоечки ќелии со воздушна изолација. Ќелиите треба да се комплетно затворени со метален лим, потполно фабрички произведени и типски испитани, да располагаат со еден систем на собирници, со вакуумски извлечиви прекинувачи, за внатрешна монтажа.

Секој воздушна ќелиа треба да биде обезбедена со уред за ослободување на притисокот за да го ограничи притисокот во случај на внатрешен дефект. Уредите за ослободување од притисокот треба да бидат дизајнирани така што ослободувањето на притисокот што би произлегло од внатрешни дефекти ќе биде насочено подалеку од локациите каде што може да биде присутен персоналот и да може да се пренасочи кон надворешноста на зградата преку ѕидот на зградата. Преферираната локација на уредот за ослободување од притисок на собирницата треба да биде таков што воздухот се исцрпува низ горниот дел од ќелиите.

3.3.1. Состав и број на ќелиите:

- три изводни ќелии опремени со:
- вакуумски прекинувач (извлечив)
- 3 струјни мерни трансформатори
- 3 напонски мерни трансформатори
- 3 раставувачи - заземјувачи
- Мултифункциска управувачко-заштитна единица за доводна ќелија
- Останата секундарна опрема за локално управување погонско мерење и сигнализација

- една трансформаторска ќелија опремена со:
- вакуумски прекинувач (извлечив)
- 3 струјни мерни трансформатори
- 3 напонски мерни трансформатори
- 3 раставувачи - заземјувачи
- Мултифункциска управувачко-заштитна единица за трафо ќелија
- Останата секундарна опрема за локално управување погонско мерење и сигнализација

- една ќелија за домашен трансформатор опремена со:
- вакуумски прекинувач (извлечив)
- 3 струјни мерни трансформатори
- 3 напонски мерни трансформатори
- 1 сет собирнички раставувач - заземјувач
- Мултифункциска управувачко-заштитна единица за ДТР ќелија
- Останата опрема за локално управување и сигнализација

Опција: Ќелијата за домашниот трансформатор може да биде и само со осигурувачи

- една резервна ќелија опремена со:
- вакуумски прекинувач (извлечив)
- 3 струјни мерни трансформатори
- 3 напонски мерни трансформатори
- 3 раставувачи - заземјувачи
- Мултифункциска управувачко-заштитна единица
- Останата секундарна опрема за локално управување погонско мерење и сигнализација

3.4. Секундарна опрема

Целата секундарна оперма да се семсти во командната зграда во посебни функционални целини и простории. И тоа во посебни ормари за управување, ормари за заштита, ормар за мерење на енергија сместени во командната просторија, ормари за еднонасочен DC напон и исправувач-полнач, ормари за наизменичен AC напон сместени во просторијата за AC/DC рзавод (погонски дел), една акумулаторска батерија "Dry-Fit" технологија (GEL-VRLA) OPzV, односно со желатизиран електролит и опремена со вентили за херметичко затварање со што ослободувањето на гасови е минимално, и нема можност за разлевање на електролитот како кај класичните батерии, 220V, 200Ah за хоризонтална монтажа, комплет со метална конструкција - повеќе етажно постоље за нејзина монтажа и со потребниот врзен материјал, предвидена за стален приклучок на исправувач-полнач сместена во посебна АКУ-просторија. Секундарната опрема за мерење, заштита и управување на 20kV постројката, треба да биде сместена во контролните панели кои треба да се составен дел на поедините 20kV ќелии.

3.4.1. Електрична заштита:

Наведените единици за електрична заштита и контрола (MPCU) треба да бидат компактни мултифункционални заштитни релеи во нумеричка (целосно дигитална) технологија, за инсталација на панели, вклучувајќи ги сите неопходни приклучоци, како што се уред за активирање, уред за сигнализација итн., вградени во нисконапонскиот LV оддел на соодветната 20kV разводна опрема или во посебен ормар за заштита на 110kV трансформаторско поле.

Следниве заштитни функции ќе се видат на пример. Проектантот треба да ја предвиди опремата за електрична заштита која ќе функционира на соодветен начин за да ги исполни барањата на операторот на преносната мрежа МЕПСО.

Да се предвиди електрична заштита барем за следните делови од трафостаницата
-заштита на 110 kV далекувод кон ТС 400/110kV Битола 2
-заштита на 110 kV енергетски трансформатор и 110kV трансформаторсотс поле (трансформаторска диференцијална заштита, резервна О/С заштита)

-заштита за секоја изводна ќелија од 20kV кон поедините PV проекти (PV Premium, Sol 1, Sol 2)
-заштита на 20kV ќелија на помошен трансформатор

3.4.2. Мерење:

Мерната опрема треба да има можност за мерење на поедините PV проекти (PV Premium, Sol 1, Sol 2) како и за мерење на вкупната произведена енергија.
Мерната опрема треба да има можност да се користи како официјална мерна точка за преносниот оператор со барана точност од (пр. класа 0.2).
Броилата треба да бидат инсталирани во посебен ормар за мерење на енергија во командната просторија.

- Погонско мерење

За локален надзор на мерните големини да се предвидат аналогни мерни уреди ампермети, волтметри..

3.4.3. Управување и надзор:

Управувањето со опремата во 110kV и 20kV постројките да се предвиди преку два независни системи:

- класичен - каде потребните услови за управување со опремата ќе бидат направени со жичана блокада
- и управување преку "Bay Control Units" за 110kV постројка (трансформаторски полиња) односно преку мултифункциските управувачко заштитни уреди за 20kV постројката, и соодветен процесно комуникациски интерфејс, поврзани со конекција во соодветна архитектура, во централен SCADA систем. Во овој случај потребните услови за управување ќе се направат софтверски со еднократно опфаќање на потребните податоци од опремата.

Да се предвиди управување од следните нивои:

- локално/сервисно од самата опрема
- локално од мозаикот на локалниот управувачки ормар во командната просторија за 110kV поле(-ња) односно од управувачкиот панел на 20kV ќелиите
- далечинско 1 преку тастатура од комјутер, SCADA систем операторско место во командна просторија

За погонските потреби да се предвиди локална статусна сигнализација во локално управувачките панели и 20kV ќелиите (мозаик со покажувачи на положба).

Да се предвиди испраќање на статусите на расклопната опрема и алармите преку BCU/PCU до централниот управувачки систем, односно до операторските места во командната просторија .

Опремата за управување и надзор на 110 kV полињата треба да биде сместена во локално управувачките панели во командната просторија, додека за 20 kV постројката во контролните панели на 20kV ќелиите.

Сите податоци за контрола и мониторинг од разводната постројка, електричните заштитни и контролни релеи, помошната опрема итн. се собираат и зачувуваат со еден уред за складирање (Индустриски персонален компјутер (IPC) или мал сервер) инсталиран во командната зградата на трафостаницата.
Комуникацискиот интерфејс помеѓу заштитните и контролните релеи, далечинскиот управувач итн. прекинувачите и CPU се базираат на редудантна двојна врска (прстен) FOC. Сите сигнали од електричната заштита и контролните уреди треба дополнително се пренесуваат во контролниот и комуникацискиот систем преку редудантна двојна врска (прстен) FOC.
Протоколот за комуникација помеѓу опремата треба да биде во согласност со IEC 61850 и IEC 60870-5-104.

3.4.4. Систем за напојување со еднонасочен DC напон:
Овој систем треба да служи за заштита на постројката од дефекти и хаварии независно од мрежното напојување и треба да го сочинуваат:

- Батериски ситем 220V со две паралално поврзани батерии "Dry-Fit" технологија (GEL-VRLA) OPzV 220VDC; min 200Ah.
- еден автоматски исправувач – полнач (идентичен како соодветниот на АД Мепсо)
- Ормари за DC развод

Најмалку следниве потрошувачи треба да бидат напојувани преку батерискиот систем:
- Електричната заштита
- Контакт на врати
- Детектори на движење
- Камери
- Контролери, прекинувачи
- Индустриски PC
- Интернет рутер
- VPN рутер
- Панично осветлување, избрани приклучници

3.4.5. Напојување со наизменичен AC напон:
Сопствените потрошувачи на трафостаницата треба да се напојуваат преку AC дистрибутивниот развод 3x380/220V,50Hz, кој ќе биде напојуван од трансформаторот за домашни потреби. Во случај на нестанок на мрежно напојување да се предвиди дизел агрегат за резервно напојување.

Инсталираната снага ја одредува проектантот према пресметка за реалните сопствени потреби на трафостаницата. Сите инсталациски кругови треба да се штитат со соодветни термо-магнетни автоматски минијатурни прекинувачи односно соодветни компактни прекинувачи во зависност од видот на потрошувачите и направената пресметка. За напојување на инсталациите за осветление, приклучници, греење и климатизација да се предвиди посебен помошен ормар напојуван од главниот AC ормар.

3.5. Електрични инсталации и осветление

3.5.1. Внатрешно осветление
Изведбата на инсталацијата за внатрешното осветление треба да се изведе со инсталациони каблови чиј пресек и тип ги утврдува проектантот. Кабловите треба да се поставуваат под малтер или на ѕид со шелни зависно од наложената ситуација и согледувањето на проектантот.
Осветленоста на просториите да биде према постоечките норми и препораки зависно од видот и намената на просторијата. Оптималниот распоред и типот на светилките ги дава проектантот по извршените пресметки. Типот и распоредот на прекинувачите за палење на светилките ги дава проектантот водејќи сметка да избере најпогодно место за командување.

3.5.2. Нужно и панично осветление
Изведбата на инсталацијата за нужно и панично осветление треба да се изведе со инсталациони каблови чиј пресек и тип ги утврдува проектантот. Кабловите треба да се поставуваат под малтер или на ѕид со шелни зависно од наложената ситуација и согледувањето на проектантот.
Оптималниот распоред и типот на светилките ги дава проектантот по извршените пресметки. Активирањето на целото нужно светло треба да биде рачно со гребенасти склопки од главната AC дистрибутивна табла и автоматски во случај на нестанок на напојување со наизменичен напон со

можност за избор на начин на управување. Сите инсталациски кругови треба да се штитат сооодветни термо-магнетни DC автоматски минијатурни прекинувачи сместени во главната/помошнта AC дистрибутивна табла/ормар. На излезите од сите главни простории, како и на излезот од објектот над вратите на ѕид да се предвиди по една светилка за панично (сигурносно) светло.

3.5.3. Инсталации на приклучници

Изведбата на инсталацијата на приклучници треба да се изведе со инсталациони каблови чиј пресек и тип ги утврдува проектантот. Кабловите треба да се поставуваат под малтер или на ѕид со шелни зависно од наложената ситуација и согледувањето на проектантот.
Инсталираната моќност ја одредува проектантот според реалните сопствени потреби на трафостаницата. Распоред на приклучниците ги дава проектантот према неговите согледувања. Сите инсталациски кругови треба да се штитат сооодветни термо-магнетни автоматски минијатурни прекинувачи сместени во станска разводна табла.

3.5.4. Инсталација за надворешно осветление

Изведбата на инсталацијата за надворешото осветление треба да се изведе со инсталациони каблови чиј пресек и тип ги утврдува проектантот по извршената пресметка. Кабловите треба да се водат зависно од наложената ситуација и согледувањата на проектантот со тоа што при полагање во земја кабловите се водат во пластични цевки со соодветен пресек, при полагање на кабловите под пат и низ фундаментите од ветилките исто така треба да се предвидат соодветни пластични цевки.
Оптималниот распоред, типот на светилките и нивната висина ги одредува проектантот по извршената пресметка. Положбата на светилките треба да овозможи најоптимално осветлување како и брза и лесна замена на истите. Активирањето на надворешното светло треба да биде рачно со гребенасти склопки од главната/помошната AC дистрибутивна табла/ормар и автоматски со фото реле, со можност за избор на начин на управување. Сите инсталациски кругови треба да се штитат сооодветни термо-магнетни автоматски минијатурни прекинувачи сместени во главната AC дистрибутивна табла.

3.5.5. Инсталација за климатизација и греење

За климатизација на просториите во кои е сместена опремата за управување и заштита, т.е. во командната просторија и во 20kV постројката да се предвидат разладни уреди (Air conditioner) во сплит изведба со поединечни единици. Пакетот да биде составен од внатрешна (вентилаторска топла единица) и надворешна (компресорска ладна единица).

Единиците потребно е да бидат од препознатливо светско име – "brend name", а нивната инсталација и монтажа ќе ја изврши испорачателот.

Сите инсталациски кругови треба да се штитат сооодветни термо-магнетни автоматски минијатурни прекинувачи со помошен сигнален контакт, сместени во главната AC дистрибутивната табла.

3.5.6. Инсталација на против пожарна сигнализација

Распоредот, типот на јавувачите на пожар и сличните уреди по просториите, како и пожарната централа нејзиното напојување и бројот на зони ги одредува проектантот според неговите согледувања и според важечките прописи.

3.6. Заземјување и громобран

Во Основниот проект пресметките да се изработат со вредност на отпор на распростирање на тлото ρ=100 Ωm - вообичаена вредност која се користи во вакви случаи. За димензионирање да се користат подлоги од студијата за развој на ВН мрежа на Македонија односно според доставените податоци за куси врски за референтна 2040год.
Мрежастиот заземјувач да биде изведен со бакарно јаже со најмал пресек од 70mm^2, а темелен заземјувач да се предвиди за ѕиданиот објект, т.е. Командната зграда.

- Третманот на неутралната точка да биде координиран со мрежниот оператор:
  - 110kV страна
  - 20 kV страна

- Изведба:
  - Заштитно заземјување – во зависност од хемискиот состав на тлото, извршените пресметки и важечките прописи.

- Работно заземјување – во зависност од хемискиот состав на тлото, извршените пресметки и важечките прописи.
- Громобранско заземјување – со поцинкувана трака, према извршените пресметки и важечките прописи.
- Здружено заземјување – да се изврши здружување на целокупното заземјување, односно единствен заземјувач кој ќе се користи за работно, заштитно и громобранско заземјување,
- Решението да опфати мерки за спречување на изнесување на опасни потенцијали од постројките.

Прифатниот систем на громобранската инсталација за 110kV РП, да биде изведен со громобрански стапови (шилци) поставени на потребен број на громобрански столбови. Во колку не е можно да се да се обезбеди комплетна заштита од атмосферски празнења на Командната зграда во зоната на заштита од громобранските шилци, да се предвиди посебна класична громобранска инсталација само за Командната зграда.

3.7 Систем за надзор

Системот за надзор треба да покрива ефективен надзор на клучните локации и чувствителните зони на Трафостаницата. Системот ќе обезбеди онлајн прикажување на видео слики на мониторите лоцирани во Трафостаницата.

3.8 Алармен систем против кражба

Треба да се предвиди систем за алармирање на кражби со контакти на вратите и сензори за движење на клучните локации и чувствителните области.

4. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ – Градежно-конструктивен проект

Градежниот дел на проектот да се изработи во согласност со барањата на електро-техничкиот дел и експлоатационите барања на објектот.

4.1 110 kV постројка

Надворешната 110 kV постројка да се изработи врз база на подлогите од електротехничкиот дел и да содржи 1 трансформаторско поле со воздушен приклучок.

Во склоп на 110 kV постројката да се обработат како посебни целини:

- Фундаменти за носачи на опрема
- Носачи на опрема и портали - челични конструкции
- Кабловски канали
- Фундаменти за трансформатор и јама за масло
- Громобрански шилци
- Ограда и влезна врата
- Внатрешни сообраќајници

4.1.1. Фундаменти за носачи на опрема

Истите да се проектираат согласно подлогите добиени од геотехничките истраги, како и товарите од електро опремата и носачите на кои што истата е поставена. Да се предвиди бетон МВ20 како бетонска подлога и МВ30 за носечкиот дел од фундаментот, арматура RA400-500/2 или нејзина соодветна замена. Врската на фундаментот со челичната конструкција да се предвиди единствено со галванизирани анкери со минимален квалитет (5.6).

4.1.2 Носачи на опрема и портали - челични конструкции

Челичната конструкција да биде проектирана и изведена базирајќи се на EN и DIN стандардите и да биде во согласност со македонските нормативи и стандарди за проектирање и изведување на ваков тип на конструкции.

Товарите кои произлегуваат од геометриските карактеристики на електромеханичката опрема како и динамичките товари да се превземат од електротехничкиот дел на проектот.

Основниот материјал од кои треба да бидат проектирани и изведени носачите на опрема и порталите да биде сопред DIN стандардите.

Заштитата на челичните конструкции да биде со галванизирање согласно DIN стандардите, EN и ISO 12944 или слични стандарди.
Спојните средства-завртките да бидат не помали од M12 и со минимален квалитет (5.6). Антикорозивната заштита да е со галванизирање.

4.1.3 Кабловски канали
Сите кабловски канали да бидат армирано-бетонски и да имаат падови за одводнување на истите. Капаците да бидат армиранобетонски.

4.1.4 Фундамент за трансформатор и јама за масло
Фундаментите за трансформатор и јамата за масло да се проектираат како армирано-бетонски. Фундаментот за трансформаторот да биде армирано-бетонска када со вертикални греди за поставување на шини за трансфорамторот. Површински бетонот да биде финално обработен со специјален премаз како не би дошло до продирање на маслото во бетонот.

4.1.5 Внатрешни сообраќајници
Сите внатрешни сообраќајници да бидат асфалтирани. Согласно геомеханичките испитувања да се предвиди соодветна коловозна конструкција. Главната сообраќајница да биде со ширина од 6.0m која ќе може да го прими оптоварувањето при транспорт и монтажа на тешка опрема (трансформатор). Секундарните сообраќајници да се дефинираат со ширина од 3.0-4,0m и соодветна коловозна конструкција согласно очекуваното сообраќајно оптоварување. Нагибите на сообраќајниците да овозможат непречено одводнување на дождованата вода и нејзино насочување надвор од трафостаницата. Површините помеѓу сообраќајниците да се исполнат со ризла (дробен камен) во слој од 20cm.

4.1.6 Ограда и влезна врата
Целата локација на ТС да биде заградена со жичана ограда со висина од min.2,4m не земајќи ја во предвид висината на бодликавата жица. Дозволена е и употреба на типска панелна пластифицирана ограда. Влезната врата да биде од метални профили. Висината да биде во согласност со висината на оградата.

5. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ – Архитектонски проект

Архитектонското обликување и изгледот на објектите да произлезе од усогласеноста на електро – техничкиот дел, како и барањата на градежно – конструктивниот дел.

5.1 20kV постројка и командна зграда
Новата зграда да биде приземна армирано-бетонска конструкција, да се предвидат следните простории:

- Просторија за 20kV постројка
- Бокс за домашен трафо
- Просторија за аку-батерија
- Просторија за AC/DC развод
- Сала за состаноци
- Чајна кујна
- Магацински простор
- Тоалет
- Командна просторија

МАТЕРИЈАЛИ И ЗАВРШНИ ОБРАБОТКИ

Надворешни и внатрешни ѕидови
Надворешните ѕидови да се ѕидаат со керамички блок 25cm. Внарешните ѕидови да се ѕидаат со керамички блок 25cm и 12cm. Сите ѕидани внатрешни површини да се малтерисуваат во два слоја, потоа глетуваат и бојат со дисперзни бои, освен во просториите кадешто електро-техничкиот дел има потреба од поинаква обработка. Ѕидовите во кујната и тоалетот да бидат обложени со керамички плочки.

Подови

Зависно од намената, во просториите кадешто е потребно да се постави под од подигнат антистатик под, додека во останатите простории се предвидува под од керамички плочки.

Тавани

Во просторијата за 20kv постројка како и во магацинскиот дел не се предвидува спуштен таван односно останува видлива таванската армиранобетонска плоча која се глетува и бои со дисперзни бои. Истото важи и за останатите простории од технички карактер кадешто тоа е потребно.

Во командната просторија, кујната, тоалетот и соба за состаноци се предвидува спуштен таван од модуларен систем на плочи од пресувани минерални влакна, поставени на самоносива потконструкција (тип Армстронг).

Покривање

Врз кровната дрвена конструкција се предвидува поставување на полна оплата од дрвени даски, паропропусна водонепропусна фолија и покривање од ребраст, пластифициран челичен лим. Врз таванската армиранобетонска плоча се поставува термоизолација од камена минерална волна со дебелина d=15cm, врз парна брана.

Столарија

Столаријата да се предвиди да биде со пожарна отпорност од 60 минути.

Фасада

Надворешната облога на објектот е предвидено да се изведе како контактна термоизолациона фасада по сите надворешни ѕидови.

Водовод и канализација

Да се предвиди соодветна инсталација за довод на техничка или питка и одвод на одпадна вода во септик за потребите на чајната кујна и тоалетот.

6. ПРЕДАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Дигитално прилагодена форма на проектот за апликација за добивање на градежна дозвола и 4 (четири) примероци спакувани во А4 формат по добивање на одобрение за градење. Урбанистички подлоги за урбанистичките делови на Основниот проект обезбедува Инвеститорот.

Инвеститор:
Интеренерго Македонија дооел,

Друштво за енергетика, инженеринг и трговија увоз-извоз ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА Скопје

Горан Ковачевиќ
Директор

Б:Проектен дел

Б1:Архитектонски проект “А”

СОДРЖИНА

1. ТЕХНИЧКИ ОПИС..... 4
1.1. Вовед..... 4
1.2. Локација, местоположба и останати карактеристики за објектот..... 5
1.3 Архитектонско решение на објект - командна зграда со 20 kV постројка.....7

Текстуален дел

1. ТЕХНИЧКИ ОПИС

1.1. Вовед

ИНТЕРЕНЕРГО МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје планира да гради фотонапонската електрична централа и со инсталирана моќност од 25 MW, во близина на село Арматуш, Битолски Регион.

Изградбата на фотоволтаичната централа е значајна, не само од аспект на енергетските вредности, туку и од социјален и еколошки аспект заради фактот што во услови на енергетска криза која се повеќе е актуелна не само во нашата држава туку и во светски рамки, ќе биде изграден капацитет за производство на чиста и зелена енергија.

Проектниот опфат се наоѓа во непосредна близина на капацитетите на РЕК Битола во атарот на село село Арматуш, општина Новаци.

Концептот со соларна енергија е предложен поради поволните услови, со оглед на тоа дека предметниот опфат се наоѓа на локација за која според разни мерења и истражувања кои се направени се покажало дека општина Новаци има најголем број на сончеви денови во годината.

.

Со изградбата на Фотонапонската електрана “ФЕЦ Новаци 2“ - Арматуш, ќе се зголеми производството на електрична енергија од обновливи извори.

За приклучување на Фотонапонската електрана на преносна мрежа во сопственост на АД Мепсо треба да се изгради нова збирна трансформаторска станица 110/20kV “ФЕЦ Интеренерго“ – Арматуш, која радијално, со нов воздушен вод, ќе биде поврзана на постојната 110kV постројка во ТС 400/110kV Битола 2 (која е во сопственост на АД МЕПСО).

Новата збирна ТС 110/20 kV “ФЕЦ Новаци 2 “ – Арматуш, за потребите на ФЕЦ Интеренерго ќе се поврзе кон ТС на МЕПСО со нов радијален 110 kV воздушен вод ТС Битола 2 – ТС ФЕЦ Интеренерго – Арматуш, со приближна должина од 6,2 km на принципот блок врска, а производствениот капацитет ќе се евакуира преку еден двонамотен трансформатор со инсталирана номинална моќност од 31,5 MVA, (Слика 1.1.)

За приклучување на ТС 110/20 kV “ФЕЦ Новаци 2 “ – Арматуш, ќе се искористи градежната резерва во 400/110 kV ТС Битола 2.

Обврска на Инвеститорот е да го опреми полето во ТС на Мепсо (ТС Битола 2) и да го изведе далекуводот со што новата трафостаница би можела да се приклучи на ЕЕС на Северна Македонија. За овие два зафата предвидени се посебни проекти за нивна реализација.

Овој проект е посветен на изградбата на новата трафостаница, и е изработен согласно Проектната програма приложена во програмскиот дел на проектот, а воедно и согласно “Студијата за приклучок на преносната мрежа” изработена од АД МЕПСО.



Слика 1.1. *Еднополна заменска шема на приклучување на ТС ФЕЦ Новаци 2*

1.2. Локација, местоположба и останати карактеристики за објектот

Локацијата предвидена за изградба на ФЕЦ Новаци 2 вклучувајќи ја и збирната ТС 110/20kV "ФЕЦ Новаци 2" – Арматуш, е во непосредна близина на РЕК Битола, во атарот на село Арматуш, општина Новаци. Односно североисточно од градот Битола, во северниот дел на територијата на општина Новаци.

Најблискиот електропреносен инфраструктурен објект, во сопственост на АД МЕПСО, до локацијата на ФЕЦ Интеренерго е 400/110 kV ТС Битола 2.

Се пристапува преку локалниот регионален пат Р1311 Битола-Новаци-Старавина (Мариово) и локалниот пат Мегленци - Арматуш

Трафостаницата ќе биде изградена на катастарската парцела бр. КП 11/17, КО Арматуш, Општина Новаци, Центар за катастар на недвижности Битола.

Просторната диспозиција на ФЕЦ Новаци 2 вклучувајќи ја и предметната нова збирна ТС 110/20kV "ФЕЦ Новаци 2" - Арматуш а и електропреносна инфрастуктура во нејзината непосредна близина прикажани се на Слика 1.2.

Територијата каде се наоѓа предметната локација е под влијание на умерено-континентална клима, со одредени специфичности – според температурните вредности е континентална, а според врнежите е до извесен степен медитеранска.

Овој регион се наоѓа на јужниот дел на Македонија, на надморска височина 620-700 m. Влијанието од Медитеранот е многу ограничено поради бариерата од високите планини на јужната периферија на Пелагониската долина и неговата голема височина.



Слика 1.2. *Просторна диспозиција ФЕЦ Новаци 2 и електропреносна инфрастуктура во непосредна близина*

Просечната годишна температура е 11,3°C, највисоката е 41,2°C, а најниската -30°C. Најстуден месец е јануари. Вкупно сончеви часови годишно 2325 часа. Просечно годишни врнежи се 600 mm на 1 m^2. Просечната годишна температура изнесува 11,0°C (апсолутна минимална -25,7°C и апсолутно максимална 28,°C), во рамничарскиот дел и 4°C на планините. Просечно најстуден месец во годината е јануари, со температура од -0,3°C, а најтопол месец е јули со 21,6°C.

Просечното годишно количество на врнежи изнесува 598 mm, со вредности кои се движат од 359 mm до 818 mm. Летните месеци се со малку врнежи, а доцните есенски се најврнежливи.

Во однос на воздушните струења преовладуваат ветровите од северниот и јужниот правец. Преовладува северниот ветер со просечна годишна зачестеност од 189‰, и максимална брзина до 15,5 m/s. Втор по зачестеност е јужниот ветер, просечно 131‰, и максимална брзина до 18.9 m/s.

Сеизмички, предметната локација припаѓа на Дримската сеизмогена зона и се одликува со ниска до средна сеизмичка активност. Интензитетот на идни можни земјотреси е од 7 до 8 степени по MCS_1 предизвикани од локалните и подалечните епицентрални жаришта.

Котата на платото на трафостаницата изнесува 622 мнв., при што се земаат стандардните изведби на склопниоте апарати и уреди, за проектирање за надморска висина до 1000 m.

Ориентацијата на трафостаницата е прецизно одбрана така да позицијата на 110kV полето има природен излез во однос на трасата на новиот воздушен вод.

1.3 Архитектонско решение на објект - командна зграда со 20 kV постројка

Командната зграда претставува приземен објект. Вкупните габаритни димензии на објектот се 12.50m/28.40m. Во објектот може да се пристапи преку 3 влеза, и тоа:
- пристап преку рампа (влез за вилушкар и достава на материјали)
- пристап по скали во делот со 20kV постројка
-пристап со скали до кориснички дел.

Вкупната нето површина на објектот изнесува 315,80m^2, додека вкупната бруто површина изнесува 355.00m^2.

Површините на просториите се следните:

1. Погонска просторија - 20 kV постројка.....62,15m^2
2. Просторија за домашен трансформатор.....12,40m^2
3. Електро соба AC/DC развод.....13,15m^2
4. Просторија за АКУ батерија.....12,15m^2
5. Ходник - комуникација.....34,15m^2
6. Командна просторија.....33,15m^2
7. Соба за состаноци.....22,90m^2
8. Тоалет со туш.....10,20m^2
9. Кујна.....14,65m^2
10. Магацински простор.....100,90m^2

ВКУПНО НЕТО..... 315,80m^2
ВКУПНО БРУТО..... 355,00m^2

А. ВЛЕЗЕН ТРЕМ.....11,00m^2
Б. ВЛЕЗЕН ТРЕМ.....7,75m^2
В. ПЛАТО ЗА ИСТОВАР.....15,20m^2

КОНСТРУКЦИЈА

Конструкцијата на објектот претставува армиранобетонски скелетен систем составен од столбови, греди и плочи. Столбовите се со димензии 30/30cm, додека гредите се со димензии 30/40cm и 30/70cm. Подната плоча е со дебелина од 15cm, додека кровната

плоча е со дебелина од 16cm. Дел од објектот се темели на темелна плоча со дебелина од 60cm, додека останатиот дел ќе биде со темелни ленти.
Целата конструкција ќе биде детално димензионирана во Основен проект, фаза градежни конструкции.

МАТЕРИЈАЛИ И ЗАВРШНИ ОБРАБОТКИ

Покривање

Врз кровната дрвена конструкција се предвидува поставување на полна оплата од дрвени даски, паропропусна водонепропусна фолија и покривање со ребраст пластифициран челичен лим.

Подови

Во просториите коишто се наменети за корисници и одржување се предвидени подови од керамички плочки, во магацинскиот простор е предвидено фино површинско порамнување и мазнење на подната плоча, додека на плочата од рампата за движење е предвидено орапавување за движење на рачен или моторен вилушкар.
На скалите, влезниот подест и влезниот ходник се предвидува под од мермерни плочи поставени на цементна кошулка.
Во контролната просторија и електро собата е предвиден двоен под со ПВЦ плочи.
Во 20 kV постројката предвиден е ВИНФЛЕКС плочи - антистатик под лепени на цементна кошулка, која претходно се чисти и рамни со олма маса нанесена во 2 слоја.

Ѕидови

Надворешните ѕидови се предвидува да се ѕидаат со керамички блок 25см. Внарешните ѕидови се предвидува да се ѕидаат со керамички блок 10см и 16см. Сите ѕидани внатрешни површини се малтерисуваат во два слоја, потоа глетуваат и бојат со дисперзни бои освен во просториите кадешто електро-техничкиот дел има потреба од поинаква обработка. Ѕидовите во куната и тоалетот да бидат обложени со керамички плочки.

Тавани

Во просторијата за 20kv постројка како и во магацинскиот дел не се предвидува спуштен таван односно останува видлива таванската армиранобетонска плоча која се глетува и бои со дисперзни бои. Истото важи и за останатите простории од технички карактер кадешто тоа е потребно.
Во командната просторија, кујната, тоалетот и соба за состаноци се предвидува спуштен таван од модуларен систем на плочи од пресувани минерални влакна, поставени на самоносива потконструкција (тип Армстронг).

Столарија

Столаријата е предвидено да биде со пожарна отпорност од 60 минути.

Фасада

